Врз основа на член 10 став (3) од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12 и 41/14), директорот на Геолошкиот завод на Република Македонија донесе

# ТАРИФНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И УВИД ВО ПОДАТОЦИТЕ ОД ГЕОЛОШКИОТ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ, КАКО И ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ГЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

## Член 1

Во Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид во податоците од Геолошкиот информативен систем, како и за користење на резултатите од геолошките истражувања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 200/14), во членот 2 табелата се менува и гласи:

„

| Ред. бр. | Вид на податок | Еди-ница мерка | Висина на надоместок (денари) | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Во електронска форма на ЦД | |
| | | | Во печа-тена форма | Скенирана - геореферен-цирана (TIFF+ TFW) | Дигитална векторска (SHP/DXF) |
| 1. | Основна геолошка карта на Република Македонија во размер 1:100 000 (23 листа) со толкувач за секој лист | лист | 3.600 | 5.000 | 26.000 |
| 2. | Основни геолошки карти на Република Македонија во размер 1:200 000 со следните тематски карти:<br>2.1. Основна геолошка карта;<br>2.2. Карта на минерални суровини, рудни и рудоносни формации;<br>2.3. Металогенетска карта, карта на магматски формации;<br>2.4. Хидрогеолошка карта;<br>2.5. Хидрогеолошка карта на минералните, термалните и термоминералните води;<br>2.6. Иженерскогеолошка карта и<br>2.7. Инженерскогеолошка карта, реонизација на теренот по стабилност и сеизмичност. | Тема-тска карта | 8.000 | 10.600 | 60.000 |
| 3. | Регионални геофизички карти на Република Македонија во размер 1:500 000, лист Скопје, со толкувач, со следните тематски карти:<br>3.1. Гравиметриска карта - Бугеови аномалии<br>3.2. Геомагнетна карта - аномалии на вертикалната компонента | Тема-тска карта | 7.000 | 9.300 | 45.000 |
| 4. | Основна геолошка карта на Република Македонија (ОГК-2) во размер 1:50 000 со толкувач за секој лист | лист | 6.000 | 8.000 | 40.000 |
| 5. | Основна хидрогеолошка карта на Република | лист | 7.000 | 9.400 | 26.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Македонија (ОХГК) 1:100 000 со толкувач | | | | |
| 6. | Основна инженерскогеолошка карта на Република Македонија (ОИГК) 1:100 000 со толкувач | лист | 6.000 | 8.000 | 26.000 |
| 7. | Подготовка на основни геолошки подлоги (карти, геолошки профили, геолошки столбови, геолошки легенди и други картографски делови како и нивна текстуална обработка) | инженер геолог/час | 750 | | |

“.

**Член 2**

Во членот 3, во табелата по редниот број 13 се додава нов реден број 14, кој гласи:

„

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Нестандарден формат (различен од А2, А1 и А0), во $m^2$ | 1.500 | 2.250 |

“.

**Член 3**

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 03-226/9
21.07.2015 година
Скопје

Директор на
Геолошки завод
на Република Македонија
м-р **Костадин Јованов**, с.р.